МQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

**ОПШТИНА ШТИП**

**Број 18-1413/5**
**07.04.2025 год.**

Врз основа на член 69 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22 и 171/22) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/08 и 45/11), Градоначалникот на Општина Штип организира

## ЈАВНА РАСПРАВА

**по Нацрт извештај на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 225/1, КП 226/1, КП 227/1, КП 228, КО Криви Дол, Општина Штип**

Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина е достапен за јавен увид на веб страната на Општина Штип од 07.04.2025 година, како и во канцелариите на Општина Штип (Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина).

Во согласност со законските барања, а со цел да се постигне поголема транспарентност и вклученост на јавноста, Градоначалникот на Општина Штип организира јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина на ден 02.05.2025 година (петок), во просториите на Општина Штип, Мала Сала 2, во 11.30 часот.

Сите заинтересирани страни се поканети да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење, забелешки и предлози по Нацрт Извештајот. Истите може да ги испраќаат на: info@stip.gov.mk или по пошта на следната адреса: Општина Штип ул. Васил Главинов 4Б 2000 Штип, најкасно до 07.05.2025 година.

Изработил: м-р Софче Трајкова
Контролирал: Раководител по овластување на градоначалник
Лазар Хаџи-Николов
Одобрил: Секретар на Општина Штип
Вишна Шорова Ангелова

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов